СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 февруари 1996 година

Скопје, февруари 1996 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 37-та СЕДНКЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 1.II. 1996 г.**

Дискутанти:

1. Абди Фаик – 31
2. Бојков Иван - 66
3. Гошев Туше - 10
4. Димов Лазар - 39, 65, 68.
5. Ибраими Сами - 62
6. Кадриу Зекир - 36, 37
7. Коцевски Аце – 1, 64
8. Каров Звонко - 30
9. Османи Руфи - 14, 24
10. Мурати Џеладин - 26, 28
11. Мешков Љупчо - 38
12. Петковски Тито - 1, 2 .. (води седница )
13. Рамадани Сали - 55
14. Рамадани Исмет - 45
15. Рамадани Хисен - 48
16. Стојановски Томислав - 58, 60
17. Стојковски Здравко - 55
18. Станковски Владимир - 7, 24, 34
19. Темелковски Зоре - 45
20. Тантаров Вељо - 25
21. Туда Рами - 50, 53, 66.
22. Фрчковски Љубомир - 19
23. Шапуриќ Зоран - 40.

Дневен ред- стр.1

- продолжение

Иницијатива за форм.комисија на Собранието на РМ надлежна за водење на пос.за остп. на држ.инст. за арх. док.на Службата за држав. безбед..

К Р А Ј

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 1 февруари 1996 година

Седницата започна со работа во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Марјан Начевски, Љупчо Беличев, Љубомир Чадиковски, Петре Трајановски, Димче Настовски, Николина Трајановска, Борис Павлов, Ристо Насев, Драган Горгиев, Ристо Трајков и Слободан Богдановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваа на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по иницијативата за формирање на комисија на Собранието на Република Македонија, надлежна за водење на постапка за отстапување до надлежните државни институции на архивска документација на Службата за државна безбедност при Министерството за внатрешни работи опфатена во досиејата за лицата.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници,

Неопходна е потребата за решавање на овој проблем како израз и потврда на демократските процеси во земјата и високо вреднување на човековите права и слободи. Тоа е исклучително и сложено што неопходно е потребно да му се пристапи. максимално сериозно за да се

исклучи политиканскиот и волонтиринскиот приод. Во државите од поранешниот социјалистички блок различен е приодот кон разјаснувањето на ова прашање. Воглавно се применуваат неколку модели со изресни модификации. Прво целосно ставање на располагање на јавноста на досиејата на тајната полиција, односно службите за безбедност

2. Целосно уништување на сите досиеја и

3. Целосно предавање на досиејата на надлежните државни органи со статус во состојба за некои подобри времиња.

Во земјите каде што се дозволи увид во досиејата има примери на самоубиства, прогони, разводи, психиратриски случаи, кривични гонења, нови судски процеси, дури и проверка на минатото на министри и пратеници, или забрана за избор на јавни функции на членовите на тогашните партиски раководства, пратеници, министри, припадници на Службата за државна безбедност, судии итн.

За илустрација ќе го посочам примерот на некогашниот познат чехословачки дисидент, а сега претседател на Чешка Васлав Кавел кој на понудата да го види своето досие одговори:"не сакам да го видам, но имам право да барам веднаш да го уништите". Аргументите одат од една до друга крајност. Од тоа дека од морален аспект треба да се расчистат сите хипотеки од минатото до другата крајност целосно уништување да не се предизвикаат опасни контраефекти. Но од информациите со кој располагам оценувам дека ваква варијанта ваков приод не е забележан во ниедна држава, мислам на варијантата што ја нуди Владата. Предлогот без законски проект Парламентот со одлука да формира комисија, цитирам која би учествувала во процената на научната употребливост на документацијата во досиејата за лица истовремено вршејќи селекција на оној дел што треба да биде отстапен на трајно

I/3.-

користење на надлежните државни институции е неприфатлив од повеќе причини.

Прво од аспект на историската наука незамисливо е и во спротивно со научната методологија е парламентарна комисија да врши претходно селекција односно за историската наука е неприфатливо правење на било какви селекции кои подоцна може штетно да делуваат во научно истражувачката обработка на податоците.

Второ, Парламентот нема овластување да формира вакви комисии во кои ќе членуваат надворешни членови,а нема ни уставно право да се меша во оценувањето на научната и историска употребливост на документите бидејќи тоа е грубо мешање во тука надлежност на некој други институции во земјата.

Трето, пратениците кои би биле членови на таа комисија, исто така, немаат уставно право да чепкаат по лични податоци на граѓаните на Република Македонија, бидејќи никој не може да ја гарантира дискрецијата, а второ, колку и да се образовани тие се нестручни односно некомпетентни да одлучуваат за научна и историска употребливост

Четврто, некомпетентноста на Комисијата е дотолку важна бидејќи на Комисијата и се остава правото цитирам, да изготви Деловник за работа со која би била регулирана целокупната постапка, начинот и роковите за отстапување на документацијата би биле одредени корисниците со нивните права и обврски, како и ограничувањата во поглед на користењето на документацијата, завршен цитат.

Можете да замислите каков е товар и колкави овластувања се тоа за членовите на Комисијата е јас прашувам дали има пратеници во овој Парламент што се спремни да прифатат такви обврски и овластувања, дури и тогаш што не е случај кога претходно повисок орган би ги утврдил

критериумите и методологијата од селекцијата на досиеја што не е случај сега.

Петто, спорен е и составот на Комисијата, бидејќи доаѓа до испреплетување на законодавната и извршната власт, односно нивните надлежности.

Исто така, сметам дека ваквиот пристап на Владата ќе предизвика отворање на стари рани, ставање дамка врз голем број на граѓани на нашата земја со објавувањето на податоци за нивните родители или дедовци и баби, можност за предизвикување на реваншизам создавање на нови делби, предизвикување на омраза и друго, бидејќи во суштина гледано досиејата никогаш не се правеле заради историјата иако од сегашен аспект зборуваат за едно време, туку треба да се шиканираат одредени граѓани што од денешен аспект на човековите права и слободи е антицивилизациски чин.

Сакам да уочам и на опасноста од тоа дека резултат на ваквиот приод без намера може да биде оцрнувањето на еден значаен период од историјата на македонскиот народ и националностите што живеат во РМ кои покрај тоа што донел повеќе хипотеки кои се резултат на времето во кое се случувало тоа, сепак е дел од историјата на народот и државата. Тоа може да создаде можност за некои недобронамерни цели на еден цел период од историјата да му стават сенки без научна и историска верификација.

Фактите зборуваат дека најголемиот дел од досиејата се од периодот на Информбирото и создавањето на селските работни задруги, односно колективите поради што голем број граѓани не основано биле прогонувани, кривично гонети, третирани како воени профитери, контрареволуционери, државни непријатели и друго, заради што честопати гинеле позатворите, а им биле конфискувани и имотите.

I/5.-

На таканаречените политички неподобрни лица по налог на ЦК на тогашната комунистичка партија, односно Сојузот на комунистите, како вистински политички субјект на политичкиот режим од 1945 до 1990 година, државната безбедност, односно Службата отварала досиеја на националистите, либералите и другите противници на државата,, односно подоцна наречена граѓанска десница. Методите биле вообичаени, како и секаде се одело по пат на прибирање на податоци лично и до соработниците, најчесто непроверени, лажни, неточни, заради нетрпеливост и слично, заради компромитирање на претходно поделената и жигосана жртва кои подоцна се фабрикувале и лансирале во согласност со утврдените цели. Притоа веројатно жртви покрај поткажуваните кои обично не се товарале за сторени дела, туку за тоа што всушност тие мислеле дека некој мислел да каже, биле и поткажувачите бидејќи некој од нив тоа го правеле заради наводна заштита на националните и државни интереси, а по некогаш и затоа што биле заведени принудени со уцена или изманипулирани.

Поради опасноста со далекосежно значење злоупотреба за дневно политички потреби, реваншизам и дискредитации треба да се биде крајно внимателен за да Комисијата или било кое друго тело не се претвори во правосуден орган.

Сметам дека Владата на РМ треба посеопфатно и постудиозно да му пристапи на проблемот, користејќи ги претходните искуства на истата тема од поранешните и политички држави, се разбира, со одре дени специфичности, согласно на приливите во нашата земја. Затоа прифатлив е заклучокот да се поддржи иницијативата на Владата, но таму како иницијатива, бидејќи текстот на образложението содржи предлози кои како што реков претходно се апсолутно неприфатливи и не нудат вистински решенија за оваа проблематика.

I/6.-

Се согласувам, Владата да предложи законско решение во кое ќе бидат земени предвид предлозите и сугестиите изнесени во денешната расправа, за да се избегнат непрофесионаноста, волантеризмот, политичките манипулации и злоупотреби за да се заштити моралниот дигнитет и основните човекови права загарнатирани со Уставот на граѓаните и членовите на нивните семејства кои можат да се доведат во било каква релација со овие досиеја.

Можеби најдобро решение е целокупната документација без формирање на комисија и претходно селектирање да се предаде на надлежните архиви, а со законот што ќе се предложи и со соодветни измени во законот за архивска граѓа да се определи начинот, условите и времето на користење на таа документација. Притоа, нужно е Владата да создаде законски и други правни основи за утврдување на поединечните случаи, на неоправдано репресирање на граѓаните на кои им е насетено неправда со акти на кривично гонење и други видови реперецијa кои се осудувани без основ или без докази, без правна постапка, или со нејзино кршење, или кршење на нивните елементарни права, за да се создадат услови за праведна сатисфакција за сторените неправди. Тоа би значело дека евиденцијата за преземените казнени и други мерки на репресија што се води во Министерството за внатрешни работи треба да се стави на располагање на заинтересираните граѓани, членовите на нивните семејства и нивните застапници односно Министерството за правда, Јавниот обвинител и судовите. Само така ќе ја потврдиме неприкосновената вредност на човековите права и слободи и ќе дадеме добра гаранција дека такви работи никогаш повеќе нема да се случуваат во РМ и дека доследно ќе изградиме систем во кој ќе ги вградиме темелните принципи на цивилното општество и либералната демократија во кој се вклучени највисоките стандарди на човековите права и слободи кои се и онака неприкосновена вредност на Уставот на Република Македонија.

I/7.-

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, господа пратеници, г-дине министре за внатрешни работи,

Јас после така обемно излагање на г-дино Аце Коцевски кој изгледа добро се припремил за оваа тема, само бегло ќе нафрлам некои работи. Ние би требало тука на Владата да и посочиме и да и помогнеме што би било најкорисно да направиме во врска со овие документи, документации и досиеја кои се создавани во времето кое е евидентно до скоро плуралистичкиот амбиент кој е во Македонија.

Јас само ќе кажам тоа дека формирањето на тие досиеја се од повеќе актери, од повлече учесници. Едните се оние кои по службена должност биле задолжени да го прават тоа. И тука можеме веројатно да констатираме дека тие податоци кои се во досиејата се практично малку и имаат точност. Претпоставувам дека 90% од содржината на досиејата кои се правени при Службата за СДБ се базираат на изјави, потврди, констатации и други документи чии извори и актери се луѓе кој биле хонорарно платени од Службата за државна безбедност и кои ја обаввувале својата задача.

Третиот извор за формирање на оваа документација се луѓе кои по било кој основ некој ги нарече кодоши. Две врсти на луѓе Едни кои мислеле дека со изјавата за блискиот, за комшијата ќе придонесе да ја спас државата, а другите што сакале да напакостат на пријателот, блискиот соработник или подалечниот соработник или сосед.

Во документот кој е предложен треба да се формира комисија која треба да ја процени научната употребливост на оваа документација. Мое лично мислење е дека таа документација нема никаква научна вредност. Ако можам да помислам и да констатирам дека 90%од таа документација

е базирана на изјави на некои инсинуации мислам дека за нас не би била некоја документација кое има некоја научна вредност. Веројатно 10% допуштам дека во таа документации ја има, некој документација која е запленета или која била како некој доказен документ пријавувана, може да послужи меѓутоа, за мене тоа не е основ за да таа документација ја третираме на два начина. И тоа би предложил на Владата, прво е моето мислење и мислам дека оваа документација треба да се уништи, да не отвораме можност да се отворат нови рани и да внуците на повредените без причина се светат на оние што ја пишувале документација и ги давале тие извештаи. Секој кој доставувал некој извештај го доставувал под шифра. А тие шифри во Министерството за внатрешни работи постојат. Со тоа ќе отвориме некој процес на закрвување на луѓето во Македонија, а ако направиме една проста математика дека имаме 15 илјади досиеја иако тие ќе опфатат луѓе кој доставувале нивните фамилии и фамилии кои биле под тој основ репресирани, тогаш ќе дојдеме до некоја страсна бројка каде што ако тоа се дознае а кај нас како што знаеме обично се дознава и Комисијата да е од 3 члена, тогаш ќе дојдеме до тоа да внуците и правнуците се враќаат едни на други за нешто што го направиле некои пред нив. Се залагам за тоа да напариме така и да таа лажна, полулажна инсимлирана документација прибирана од некакви притисоци, по било кој основ ја уништиме и да појдеме по пат, а да не овозможиме повеќе таква документација да се формира, нормално полицијата треба да ја врши таа обврска, треба да има досиеја, меѓутоа, мораме да имаме како држава можност и преку законски акти и закони точно да утврдиме таа документација како ќе биде пристапна и на кого ќе биде пристапна, заради избегнување на можност за злоупотреба. Некни беше кажан еден пример дека нормално полицијата мора да си ја обавува својата задача и тоа е така меѓутоа, во некоја демократска земја постои така граѓанинот да може да направи

увид во своето досие и може да побара доколку констатира дека некој документ не е во ред да интервенира тој податок да се исправи.

Значи првиот предлог беше Владата да утврди процедура со која ќе биде уништена таа документација. Доколку тоа не го напра- виме повторно ќе оставиме можност на полицијата да манипулира. Може да се случи доколку не ја утврдиме процедурата некои досиеја повторно ќе бидат задржани и да некои тие досеа ги користи понатаму.

Друго, е идејата комплетната процедура да се утврди од Службата за државна безбедност до архивите и другите институции и да се утврди точно нормално после тоа е закон под кој услови и после колку години може да ја користи таа граѓа. Треба да помислиме дека во овој плурален систем научни работници се и членови на различни партии. И мислам дека со тоа ќе одбегнеме научните работници кој после 30 години ќе дојдат до таа документација да им се оневозможи да можат да ја злоупотребуваат.

Значи на крај да бидам концизен се залагам и давам предлог на Владата да утврди постапка за отстапување на документацијата односно комплетната документација од Службата за државна безбедност таа документација да биде уништена или ја поддржувам исто иницијативата доколку тоа не се направи таа документација да се одложи во архивите на Македонија и се утврди и во законот за архиви, постапката и начинот и понатаму за користењето на таа документација и со тоа се стави крај на оваа точка што е на дневен ред.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, Владата на Република Македонија, поднесувајќи на Собранието на Република Македонија иницијатива, со која предлага Собранието да основа Комисија за водење постапка за отстапување на архивската документација опфатена во досиејата за лица од документацијата на Службата за државна безбедност при Министерството за внатрешни работи до надлежните државни институции. Владата оценува дека има потреба од отстапување, покрај другата архивска документација на Службата за државна безбедност за прв пат и на документацијата што се однесува на н. досиеја за лица до надлежните институции. Станува збор за документација која по спроведената селекција и проценка би имала значење за научни, историски, политички истражувања, за одредени нас- тани и личности од поблиското минато на македонската држава. Заради тоа со Иницијативата се предлага Собранието да основа комисија, која би работела на проценка на научната употребливост на документацијата од досиејата за лица, вршејќи притоа одбир на делот од документацијата што треба да биде отстапен на трајно користење на надлежните државни институции.

Ставот на Владата во поглед на досиејата за лица како дел од Фондот на архивската документација на Службата за државна безбедност да биде отстапен на трајно користење, се оценува како позитивен и е во согласност со новите демократски процеси што се одвиваат во Република Македонија. Меѓутоа, заради фактот што се работи за специфична и суптилна материја содржана во досиејата за лица, кои освен аспектите за безбедност на државата навлегува во сферата на приватноста, на личниот и на семејниот живот на граѓанинот и во другите слободи и права, како и заради потребата од проценка на

II/2.-

нивната научна употребливост се смета дека оваа постапка би требало да се обезбеди и истата да се спроведе врз основа на уставните и законски одредби. Во таа смисла треба да се имаат предвид постојните законски надлежности на органите на државната управа, како и можностите што ги дава постојната регулатива за начинот на постапувањето со архивската граѓа во целина.

Уставот на Република Македонија, утврдувајќи ја определбата на власта како една од темелните вредности на Уставниот поредок ги определува и надлежностите и функциите на носителите на власта. Во овие рамки Собранието на Република Македонија дефинирано како законодавно тело ги определува надлежностите и функциите на носителите на власта. Во овие рамки Собранието на Република Македонија е дефинирано како законодавно тело кое со донесување на закони и други пропис ги уредува односите во политичката и економската сфера и врши други работи утврдени со Уставот.

Во однос на Владата на Република Македонија Собранието со Уставот утврдените институции врши политичка контрола и надзор над нејзината работа. Со Уставот е определена позицијата на Владата како носител на извршната власт и нејзината самостојност околу утврдувањето на политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување. При ова треба да се има предвид дека дел од извршната власт и органите на државната управа, кои работите од својата надлежност ги вршат самостојно, а во согласно со Уставот и законите и за својата работа се одговорни пред Владата.

Во врска со активностите сврзани со постапката за отстапување на архивската документација н а Службата за државна безбедност при Министерството за внатрешни работи се смета дека истите треба да се одвиваат согласно постојните закони и другите прописи.

II/3.-

Во таа смисла законот за архивска граѓа "Службен весник на СРМ" 36/90 година утврдено е дека архивската граѓа претставува целокупниот изворен и редуциран документиран материјал што се создава во работата на државните органи, претпријатијата, установите и другите органи и организации и имаат трајна вредност од значење за науката и културата во Република Македонија.

Исто така, во законот децидно е утврдено дека начинот и одбирањето на архивската граѓа од документираниот материјал и неговото издвојување поблиску го уредува Владата, роковите, начинот и условите за користење на архивската граѓа ги определува имателот во согласност со општите услови за користење на таа граѓа.

Согласно наведените законски одредби се смета дека фондот на архивската документација на Службата за државна безбедност го сочинуваат документите, книгите, списанијата и другите акти, како и документацијата што ја сочинуваат тн. досиеја за лицата. Според постојните законски прописи дел од документацијата била континуирано отстапувана на Архивот на Република Македонија. Додека делот на документацијата во која се вклучени досиејата за лица која досега не била достапна, ниту отстапувана со иницијативата се предлага, исто така, да биде отстапена на трајно користење на надлежните државни институции.

Имајќи го предвид изнесеното, а особено уставната положба и надлежноста Собранието и односот меѓу законодавната и извршната власт, се поставува прашањето за оправданоста на иницијативата поднесена од Владата. Собранието преку своето работно тело, да расправа и одлучува за прашања кои по својата природа спаѓаат во делокругот на органите на државната управа, односно на Владата. Со основањето на посебно работно тело Собранието надвор од своите ингеренции, како и вон од постојаната регулатива и практика за работа и односот помеѓу работните тела на Собранието и самото Собрание би

било доведено во состојба да се произнесува за поединечни случаеви од сферата на правата и слободите на граѓаните, што ќе значи навлегување и преземање на функциите на другите носители на власта.

По однос на конкретниот предлог, за основање на Комисијата, треба да се имаат предвид одредбите на Уставот на Република Македонија и деловникот за работа на Република Македонија, кои упатуваат на основање на работни тела, на нивните надлежности, бројот на членовите и составот на истите. Имено, според Деловникот работните тела, разгледуваат предлози на закони, прописи, и други општи акти и ги проучуваат, претресуваат и предлагаат други прашања од надлежност на Собранието.

Работата и ставовите на работните тела по одделни материјали се во функција, претрес и одлучување по истите на Собранието, при што работните тела можат да донесуваат заклучоци, но не и одлуки, освен ако со деловникот или друг пропис е поинаку определено. Според тоа, начинот на кој се предлага основањето на Комисијата, особено од аспект на нејзината самостојност во вршење на наведените задачи во однос на Собранието се оценува дека не е во согласност со одредбите на Уставот и деловникот. На тој начин таа може да се претвори во издвоено тело, или самостојна специфична институција, која ќе биде надредена над надлежните државни органи, Министерствата, Владата, па и над Собранието. Доколку пак Собранието би расправало и заклучувало по материјалите на Комисијата, би било вовлечено во долги, правно политички, па и историски научни расправи, што ќе крие опасност да го претвори во оперативно истражно тело, за што надлежните и другите државни органи и институции.

По однос на составот на работните тела мора да се предвиди дека според Деловникот само пратениците можат да бидат членови на тие работни тела и од тука не може ваква комисија да се формира и да може

II/5.-

да си ја изврши задачата за која и станува збор на денешната расправа. Врз основа на изнесеното се оценува дека е правно основано и најцелисходно ваква Комисија да се основа со закон. На меѓуресорска комисија или посебна работна група во која би членувале претставници на органите државната управа, претставници од Македонската академија на науките и уметностите, Архивот на Република Македонија и од соодветните научни институции. Ова, особено, заради фактот што при отстапување на целокупната архивана документација опфатена во досиејата за лицата треба да биде применет целосен, објективен научен приод ослободен од било какви политички влијанија и интереси со заштита на моралниот дигнитет на лицата опфатени во досиејата и членовите на нивните семејства.

Со оглед на таа иницијатива поднесена до Собранието да биде ставена, комисиите на вчерашните седници расправаа и сите имаат истоветен предлог Собранието да изготви закон во кој закон ќе се предвиди соодветна формална процедура, а во таа формална процедура и надлежни органи и комисии, кои мериторно ќе расправаат за сите факти посебно и сите заедно, постигнувајќи ја целата за која ја отпочнуваме таа иницијатива.

Оттука, му предлагаме на Собранието да  заклучи да се донесе закон и со тој закон мериторно да се разрешат сите проблеми кои сакаат да бидат разрешени со отворањето на досиејата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Руфи Османи бара збор.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани колеги, почитуван претседавач, еве јас по однос на оваа тема, односно оваа иницијатива би рекол неколку напомени кои во некоја смисла ќе се разликуваат од она што досега се искажаа другите пратеници. Имено, мислам дека образложението на иницијативата воопшто не е адекватна на тежината на проблемот што во суштина го

II/6.-

претставува поимот досиеја на лицата. Поимот досиеја на лицата како чин во најголем случај за злоупотреба на државната власт и кршењето на човековите слободи и права претставува погоден момент за потсетување на трагичните судбини, на граѓаните кои до вчерашниот режим ги репресираа во голем број случаеви бесправна процедура на база на исконструирани факти и базирајќи се исклучиво на т.н. вербален делит.

Во оваа прилика би било редно да се потсетиме, особено за лекторатот на кој јас припаѓам и националноста на која јас припаѓам како се пополнија овие досиеја кога се во прашање албанците. Во период значи 1945 година до 1990 година во Македонија особено беа репресиран граѓаните на Македонија од албанска националност и тоа почнувајќи пред фамозните чистки кои го следеа процесот на Информбирото во и после 194 година. Преку масовните иселување на албанците во Република Турција во временски период од 50-тите години под туторството на полицискиот режим на злогласниот албанофоб секретарот на бившата УДБА на поранешната СФРЈ Ранковиќ и неговите сателити во Социјалистичка Република Македонија. Преку процесот на идејна диференцијација започната во 1968 година, а продлабочена особено после демократските барања на албанските студенти во Косово во 1981 година, па се до првите парламентарни избори во 1990 година. Особено, во овие фамозни процеси на чистење на албанскиот ум изразени преку идејно - политичката диференцијација кои процеси под диригентската палка на Комунистичката партија на Македонија односно на Сојузот на Комунистите на Македонија и проверените тн. поштени албанци од projугословенска ориентација под притисок на фамозните етикети од типот албански националист и иредентист, сецесионист, контрареволуционер и што не друго го претставуваат нај- мрачниот период за албанскиот народ и албанската интелигенција во Република Македонија. Во овие процеси се осакати албанското интелектуално ткиво во Република Македонија исклучиво врз база на исконструирани односи

и монтирани процеси, базирани исклучиво на вербалниот деликт. Значи, претежно овие досиеја кои се однесуваат на албанците како содржина го имаа вербалниот деликт, на база кој вербален деликт голем број на луѓе лежеа на голема робија од 5, 10 и 15 години затвор. Во тие трагични процеси не се диференцираа албанските интелектуалци само од партиските структури на Комунистичката партија на Македонија, туку особено на тапет беше албанското образование и образовните кадри во пакет со литературата од општествените науки пепчатена на албански јазик во Македонија или по потекло од Косово, или Албанија. Толку се отиде далеку во овие процеси на чистење на албанскиот ум и меморија да се стигне дури до таму, што за книгите на еден Исмал Кадаре познат светски писател, или на Стерио Спасе познат албански писател од Македонска националност по скратена процедура се стварaa досиеја и се добиваа минимум 60, па и со години затвор, и отказ од работни места и многу други работи, кои воопшто не личат на она што денеска ние го назначува како демократија.

Значи, што се однесува до досиејата кои се однесуваат на албанците би било многу исправно предлагачот на оваа иницијатива кој ќе го предложи законот со кој ќе треба да се регулира оваа материја да ни ја даде и националната структура на тие лица за кои се направени тие досиеја, да имаме еден реален увид на база на сите она што до вчерашниот режим го правеше. Бидејќи мора да бидеме согласни дека тежината во стварање на овие досиеја не била идентична во однос на целокупното население во Македонија.

Понатаму, јас мислам дека предмет на законското уредување не би требало да бидат само досиејата кои се однесуваат на безбедноста, туку ќе мора предмет на регулирање да бидат и досиејата на членовите на Комунистичката партија на Македонија и на Сојузот на комунистите на Македонија од причина што во суштина и принцип тие досиеја претходеле на овие други досиеја. Значи, ќе мора и оваа поранешна

Општествено - политичка организација да ги достави тие досиеја на пошироката јавност.

Понатаму, мислам дека достапноста на овие досиеја не треба да биде само на државните институции, туку пред се на граѓаните, на нивните семејства и на пошироката јавност. Тоа треба да се достапи од едноставна причина да почнеме да ја учиме историјата за да не дозволиме истата да ни се повторува и во иднина.

Дали поимот што е нагласен во образложението е адекватен дека досиејата биле специфични и суптилни. Кога ќе се анализира фактот дека во тие досиеја стојат и кодошите, значи поткажувачите и жртвите на тие кодоши и поткажувачи, според мое размислување во другиот контекст, тие досиеја нема да бидат специфични и суптилни, туку напротив тие се трагични. Затоа, во никој случај не може третманот да биде адекватен, односно ист, како за првите, така и за другите. Сигурно овој момент ќе треба законодавецот да го има предвид при конципирање на идниот закон со кој ќе треба да се регулира оваа материја. Ова треба еднаш за секогаш да се расчисти и од аспект на она дека во никој случај во иста мера не треба да се вреднуваат односно обвинуваат тие кои на база дезинформации створале големи трагедии семејни, па би рекол и генерациски, кои трагедии, јас имам информација, до ден денеска на тие лица им прават проблеми во задоволување на секојдневните граѓански потреби во односот на општеството и друштвото кон нив итн.

Што се однесува до увидот на досиејата, мислам дека во таа практика сигурно ние како држава или ќе потврдиме дека одиме кон развиток на демократските процеси или ние само како фарса ги сфаќаме тие демократски процеси. Ова го кажувам од аспект на тоа дека во мојот град може само да се сонува некој да има право да го види своето досие. Значи, таква алтернатива досега воопшто не постои, па сигурно во таа смисла државните органи ќе мора да бидат принципиелни за сите

граѓани независно од нивната вера, нација итн. Расветлувањето на овој временски период, значи, за временскиот период за кои се создадени овие досиеја е од многу битно значење, особено од аспект на она што го реков развивање на демократски процеси со цел за давање пример за неповторување на истите.

На крајот мислам дека г-динот Туше Гошев, правно многу убаво образложи дека оваа иницијатива во суштина е вон правниот поредок на Република Македонија. Јас се залагам за законско регулирање на оваа материја со адекватни критериуми и еднаш за секогаш да се расчисти оваа работа. Оваа работа, пред се, не е научна работа, оваа работа е пред се работа од политичка тежина од аспект на сето она како злоупотреба што е направена во поранешниот комунистички режим.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Министерот Фрчковски бараше збор.

III/1.-ДВ/ОМ

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство. Околу оваа иницијатива треба да се расправа на Владата, а треба да се рас- прават две прашања.

Прво прашање е прифаќање на иницијативата како таква, која има политичка тежина и политичка расправа повлекува по себе и која се вклопува во расправите кои во слична димензија се воделе практично во сите пост комунистички земји, со сите проблеми, трауми и компликации кои од тоа може да произлезат, меѓутоа со кои мора да се соочиме.

Второ прашање е прашање на формата низ која таа иницијатива ќе се обликува и која конечно ќе се изведе до потребните заклучоци или завршни етапи.

За првото ниво би рекол следното: основата на иницијативата всушност, се исцрпува во првото ниво, да се поведе таа иницијатива и тој проблем да се разреши во Република Македонија. Можеби тој проблем не е од таква големина како што е во некои други бивши комунистички земји, меѓутоа, сепак како таков постои и тој не може да се крие, или да се тргнува настрана, да се оправдува дека во регуларна законска процедура тоа е разрешено, туку поради политичкиот вид на гонење и репресирање на луѓето, значи поради политичките процеси, овие досиеја на лица, материјали кои во врска со тоа се собирани, не можат да бидат отстапени на архивите односно не треба да бидат отстапени на архивите како што законот за архивска граѓа стандардно упатува, сите државни органи кои на некој начин собираат архивска граѓа, должни се со почитуваше на одредени услови и рокови, истата

после нив да ја отстапат на Архивот на Република Македонија. Тоа е сосема друго што овие органи создаваат како архивска граѓа, не само полицијата, тоа е и судството Министерството за одбрана и сите други органи.

Бидејќи се работи за политички процеси кои на некој начин го одредуваат претходниот систем и прават пречка за нормален, до крај, условно да кажам, релаксиран развој на новиот систем, демократскиот плурализам, овој вид на документи собирани треба на еден по друг начин да се разрешат, иако на крајот на краиштата тие ќе бидат отстапени таму каде што треба да бидат отстапени, но увидот во нив, расчистувањето, одлуката, што од нив, на кој начин ќе се третира, мора на друг начин да биде направено, освен органот кој го водел да направи таква одлука. За сите други акти самиот орган прави таков увид и таква оценка. Во овој случај ако не се прифати некоја друга комисија, а во сите земји тоа се парламентарни комисии, тоа го направи, тоа всушност што ќе значи. Ќе значи дека Министерството за внатрешни работи самото треба да направи, соодветно на законот за архивска граѓа, таква прераспределба, па треба да одлучи што од таквите досиеја е потребно како историска, архивска граѓа да се отстапи на соодветните институции, а што да се уништи. Значи тоа самото да не го прави тоа, согласно постојниот закон, за овој вид на досиеја се предлага ваква процедура, процедура која излегува од државниот орган кој истите ги водел . Мислам околу тоа се разбираме и тоа е логично. Инаку, ако поинаку се случи, ако самиот орган не расчисти со тоа што самиот правел пред односно во еден друг систем, тогаш имаме постојан сомнеж, сомнеж дека тоа не е направено до крај, сомнеж дека тоа е селективно направено, сомнеж дека тоа воопшто не е направено и сомнеж дека тоа ќе биде користено

на еден или друг начин. Тоа е проблемот зошто тоа не може да се направи во рамките на државниот орган кој тоа го водел тоа претходно. Затоа се предлага ваква процедура. Таквата процедура е стандардна процедура, ако може за стандард да се зборува во сите пост - комунистички земји кои се соочуваат со овој проблем и тоа во потешки видови.

Вториот проблем е формата во која тоа се прави. Владата нема воопшто ништо против тоа да биде направено ако не со одлука на Собранието се формира комисија, да се формира со закон. Меѓутоа во принцип од досегашните искуства, секогаш се формира некој вид на парламентарна комисија, на еден или друг начин. Ако тоа отстапува од Деловникот на парламентот, тогаш таква комисија се формира со закон.

Меѓутоа, зошто парламентот. Затоа што во било која ситуација да се одлучува, да се соочи со материјалот содржан во досиејата, тој мора да направи одлука. Одлука во која смисла: Таму има три вида на материјали, или два глобална, но вака по глобално три слоја на материјали. Едното се копија на судски одлуки, поврзани со лицето, потоа негови изјави пред истражните судии или иследувачите кога тоа се одвивало и материјалот поврзан со судските процеси ако такви се воделе.

Второ, тоа се дел од тие изјави кои не се судски процеси, не може да се третираат како денисијански. Тоа се на пример изјавите на луѓето во поглед на тоа зошто биле приведени, зошто биле репресирани. Некои од тие изјави го почитуваат карактерот на човекот и тоа во многу случаи, да кажам на еден позитивен пат и во случајот и херојски начин, како не се подлегнува на репресијата, на неправдата до последниот момент. Тоа се изјави кои и фамилиите на лицата, а и за нашата историја се многу

важни изјави. Тие ги дефинираат тие луѓе и би било неправда тоа да се третира или на куп се тоа да се тргне и да се уништи, за да евентуално од увидот по некои други материјали кои се од оперативна содржина на тогашната комисија, индиректно не се види или не се насочи кои биле деницијантите или како тоа функционирало, тој механизам на репресија во тој период. Оттаму е многу важно да се направи таков увид. А кој може да одлучи тоа да го пресели на уште еден државен орган, како што беше сугерирано. На пример тоа да биде уште група на министерства, место едно министерство, група на министерства.

Најголемата гаранција дека на сериозен начин ќе биде тоа направено е ако тоа се извлече во парламентарна комисија При тоа таа комисија во сите ситуации кога е таа создавана, не била создавана само од парламентарци, туку стручниот дел на процена токму на тоа што досега го споменував, изјавите и тој материјал треба да биде отстапена на стручњаци. Тоа се експерти од историјата. Еден дел од тие експерти може да бидат и од други области на органи надвор од државата кои се занимаваат со историја, со судството, правници и т.н. угледни луѓе.

Во еден дел, заради увидот дека не е направено нов субјективен начин, има симболично присуство на јавноста . Во голем број од тие комисии има симболично присуство на јавноста, во смисла на лице кое работи во медиите. Тоа воопшто не значи дека увидот кој е правен ќе биде исцедуван во медиите или ќе биде презентиран во медиите. Тоа значи структура на комисијата во која треба ваквите делови на општеството да бидат присутни токму поради материјалот со кој се работи. Инаку со законот или со Деловникот на таквата комисија се утврдуваат сите правила како се постапува, вклучувајќи го и чувањето на

државната тајна и обврската што перципиентите во таа комисија ја имаат, чувајќи ја државната тајна, ако тоа се прогласи како државна тајна, работата во комисијата ако се прогласи во државна службена тајна. Се тоа е предмет на формата и на одлуката што таа комисија со Деловникот или Законот, ако се одлучи да оди варијанта Законот, Законот треба да го предвиди и да се смалат минимум ризиците од злоупотреби. Меѓутоа, во секој случај да не се заборави дека најголемата придобивка од сето тоа е расчистувањето на о<вие политички процеси, на некој начин задоволувањето на фамилиите на луѓето кои биле репресирани, од увид во еден дел од таа документација која комисијата оформена со законот или како ќе одлучи парламентот, има можност да ја направи за тој расплет да оди на еден, условно да кажам, релаксиран начин, така како што треба.

Од ова треба да се направат неколку класификации кои беа искажани. Воопшто не се водат досиеја за сите граѓани, па граѓанинот има право на увид на своето досие. Се водат информации при полагањето на возачката дозвола. Се водат информации кај личната карта, во финансии се водат информации кај плаќањето на данокот и т.н. Не се водат досиеја за личности,с е водат криминални досиеја, досиеја на лица кои се судриле со законот. Значи таков вид на досиеја се водат, а не на секое;лице ат-хок досие. Не постои такво нешто и воопшто не се разбираме за што работиме. Овој вид на досиеја се воделе под името криминални досиеја, значи на лица кои на некој начин се во судир со политичката идеологија. Дури се третирани како криминалци во изминатиот период. Тоа е проблемот со овој вид за лица.

Оттаму за Владата е прифатлив заклучокот кој јасно ја прифаќа и ја става во процедура иницијативата на расчистување на ова прашање, а формата под која тоа ќе се одвива тоа е прашање за кое парламентот треба да одлучи и ако е тој предлог закон,Владата тоа го прифа ќа,нема ништо против.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Руфи Османи има реплика.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Само заради дообјаснување.

Мојот поим на досиеја подразбира дека државата водела досиеја за сомнителните лица, а што се подразбира под сомнително, јаз тоа го образложив во моето образложение со тие работи што ги наведов, а не дека не знам оти не се води досие за целото граѓанство. Тоа пред се економски е нерационално и не потребно. Значи мојата поента беше дека се воделе досиеја за сомнителни лица на база на исконструирани факти, на база на изјави, на база на она што до вчера и од идеолошки аспект се прогласувало за непријатели и т.н.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

И г-динот Станковски бара реплика .

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас сакав со министерот да расчистам една работа.

Јас сум сигурен дека тие 15 илјади досиеја не оделе на суд. И ако) тие иделе на суд тогаш претходно за да се дојде до суд, се користеле материјали кои се собирале на начин, како што реков јас, на база на инсинуации, изјави и т.н.

Поголемиот дел од овие досиеја се досиеја кои се создавани за одредени луѓе и кои се чувале и останале, никогаш лицето кое имало досие не излегло на суд, туку се чекало погоден момент кога тоа треба да се употреби. Вие знаете дека во изминатиот период кога било

потребно на одредена групација, политичка или било каква групација, па дури и на групација од полиција, полицијата се служела тие досиеја кои ги имала, ги правела да ги искористи.

Да се разбереме. Не сите 15 илјади биле предмет на судења и не завршувале со суд. И тие што завршиле со суд, главниот аргумент базирал на база на тие три четири или пет извори од кои се создавало досието.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, во врска со оваа иницијатива јас очекував да каже нешто повеќе министерот Фрчковски. Меѓутоа кога веќе излегов ќе кажам и едно мое мислење.

Со оглед на тоа што поголемиот дел од овие драми што некаде до 1953 или 1955 година во нашата држава ги создаваше СДБ или во нашето село позната како УДБА, поголемиот дел од тие драми се создадени за нашите земјоделци во периодот од 1948 до 1952 година односно во времето кога се создаваа селанските работни задруги и времето кога овие задруги се растураа и времето кога во 1953 година по фактичката идеологија требаше на многу селани да им се одземе имотот кога беа наречени кулаци и најголеми сопирачи на тогашниот социјализам. На овие селани, покрај тоа што во тоа време им се препишани какви не лојалности спрема нашата држава, им е конфискуван целиот имот.

Јас се плашам, денес кога разговараме и предлагаме оваа документација да се уништи, или да не се отвора, се плашам дека тоа се некои пораки сега до нашата Влада , оваа документација да се уништи пред донесувањето на законот за денационализација и со тоа да продолжиме со работа по досегашниот систем односно и понатаму да го градиме системот за кој одамна рековме дека не чини.

Сметам дека овие документи до донесувањето на законот за денационализација треба грижливо да ги чуваме.

Уште кога почнавме да дискутираме за овој закон за враќање на имотот на оние граѓани што им е одземен во периодот од 1947 до 1964/65 година, меѓу нашите луѓе постои мислење дека дел од таа документација со која им се одземени имотите, тие ја уништија затоа што никогаш не веруваа дека ќе дојде она што денес дојде  меѓутоа сметам дека во овие драми што се правени од УДБА , постојат документ на кои се им е одземена земјата односно имотот и сметам дека внимателно треба да се оди и кон донесувањето на овој закон и за формирањето на една комисија која ќе работи на овој план. Инаку иницијативата на Владата за донесување на еден закон со кој ќе се регулира оваа материја, ја прифаќам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитувани пратеници, г-дине потпретседателе, пред нас ја имаме Предлог иницијативата на Владата на Република Македонија која јас ја подржувам бидејќи тука има и содржина, има и форма и ценам дека со оваа иницијатива треба да се расветлат доста проблеми и да се елиминираат сомнежите за иднината.

Пред да кажам неколку збор аза самиот проблем , би цитирал една мисла на еден голем филозоф Бертран Расел кој вели: " иднината е она време кога ќе знаеме се за минатото , Додека за неа знаеме само дел ние се уште сме во сегашноста".

Оваа мисла длабоко кореспондира со нашата расправа за проблемот на досиејата. Имено проблемот за кој расправаме, беше оценето и од претходните дискутанти,на многу чувствителен и мошне одговорна задача. Заради тоа не може да се очекува еден краток

одговор а најмалку некој одговор дециден, бидејќи станува збор за огромно богатство, негативно или позитивно. Во документот изнесени се околу 14 илјади досиеја.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :** (Продолжение)

Ние сега создаваме предуслови за да се научиме да живееме со вистина, со историската вистина. Историјата е под критичка опсервација, а сега во демократските процеси подлегнува на постојано преиспитување. Сакаме са создаваме вистина за минатото т.е. да ги доведеме работите во можната реална рамка. Ние живееме во период кога треба да ги рушиме пречките и во овој контекст да создаваме историско правен и социјална перспектива и претпоставка за доведување на работите согласно логиката на нештата, на вистинскиот пат. Време е најпосле да сфатиме дека во демократското време работите треба да се вратат на својот почеток. Историските недоразбирања да се надминат со конструктивна соработка. Помалку да владеат партиските емоции, а повеќе реалноста во вреднувањето на состојбите во нови услови. Мора да се надминуваат историските и политичките формирани национално - психолошки комплекси во вид на досиеја, факти, аргументи, дали се тие политички, судски итн., а во пристапот кон проблемот да нема субјективизам, едностраности, национални пристрасности итн.

Јас ги поддржувам заклучоците на комисиите за донесување на закон, тоа беше спорно, а содржината останува исто така значајно, во кој закон ценам дека работите поодговорно ќе се стават и разгледуваат за да создаваме добра клима а не други конфронтации.

Би заклучил со една мисла на еден голем научник бидејќи почнав со цитирање на еден филозоф кој вели: "Политичарот може некогаш да ја каже вистината, дипломатот не смее никогаш да ја каже вистината. Научникот секогаш треба да ја зборува вистината додека филозофот треба да ја каже вистината на човечки и критичен начин".

Проблемот кој стои пред нас има пред се политичка, но и ма и научно и филозофско значење. Сето тоа треба да се стави така што вистината за човечките истории за човечките случаи, за човечките собитија, да се разрешуваат во корист на човекот и во корист на реалноста. Овој процес сметам дека ќе ја враќа довербата меѓу граѓаните и ќе го елиминира сомнежот присутен со децении. Мислам дека Собранието има политичка култура и осет за нештата, и е способна во оптек да пушти реални односи, кој ќе ја поправат состојбата во секој поглед. Се повеќе да владее разумот и смислата за разрешување на проблемите сврзани за минатото, зашто од добро- намерни цели произлегуваат и несакани намери. Ќе биде сатисфакција за сите лица и нивните семејства, а за државата еден цивилизациски однос ако сите формирани досиеја, шифрирани под мотив на контрареволуција, политички неподобни за твореници, прогонети, диференцирани и отстранети од работа, заради нивните либерални сфаќања и погледи или поинакви сфаќања од времето се уништи под одредена процедура и научна и политичка и собраниска. Тука не станува збор за научно-културно наследство, туку пред се, како што кажав за политички процеси. Барам во овој процес да бидат вклучени и сите лица, без оглед на националната припадност, за кои има формирани досиеја и второ да се вклучат и сите досиеја формирани до инугаризацијата натуралните демократски процеси, односно до создавање на суверена и демократска држава Република Македонија, а тоа значи да не бидат опфатени само лицата до 1952 година, туку до 1990 година, вклучувајќи ги сите субјекти без разлика на националната припадност, бидејќи само така ќе создаваме клима на доверба и меѓусебно разбирање.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги.

Денес гледаме иницијатива од Владата за формирање на собраниска комисија за надлежност за доведувањето на постапката за отстапување до надлежните државни институции на архивската документација при СДБ и контраразузнавање која иницијатива е од мај 1993 год. Мислам дека денес Собранието наоѓа за потребно да расправа само за неопходноста од, што сигурно не е спорно, за отпочнување на постапката за отстапување на оваа архивска документација и евентуално вклучување во расправата за потребата од целосно и селективно отстапување на оваа архивска документација до надлежните државни институции.

Мислам дека само целосното предавање, т.е. отстапување на документација сместена во досиејата за лица може да има научно, културно и пред се политичко значење. Тоа значи дека фондот на сознанијата од историската вредност од образложението на иницијативата би имало големо значење во научно - истражувачката работа и до научната верификација за одредени личности од минатото, како и за одредени настани само тогаш ако нема селективност во проценката на научната употребливост. Тоа би требало да се уреди со закон во кој би била регулирана целокупната постапка. Само така ќе може да се овозможи и научен приод на идните корисници на оваа материја. Само така ќе можеме да го заштитиме и моралниот дигнитет на лицата и члековите на нивните семејства опфатени во досиејата и само така ќе можеме да ги заштитиме и лицата кој се јавиле како извор на сознанијата на СДБ во тој минат систем. Во тој правец иницијативата

за отпочнување на постапката за предавање на архивската документацијата на Службата до надлежните државни институции ја прифаќам.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, јас оваа материја ја сметам многу сериозна и одговорна и мислам дека е многу тешка по својот обем, по своето значење и сета материја би претставувала одраз на политичките збивања кој се бил на власт во овој временски период од 50-тина години и нормално што политичката логика наметнувала да стори одредена класа.

Прво, гледајќи ги настаните за време за НОВ, понатаму како што велевме социјалистичката изградба, па нашата тогашна идеологија за внимателност во националната и класната диференцијација на човекот и граѓанинот, па понатаму гледајќи што се се случува меѓу редови, меѓу фамилиите со таканаречените повереници, на секоја улица повереник, па некои ако си има ставено пик врз некого овде во Македонија, или во Маврово или не знам на кое место, или да речеме Голи Оток, изјава и готово отиде човекот, казна и тоа е тоа.

Јас мислам дека со отворањето на процесот на денационализацијата, а тука ни помогна многу телевизијата, па ние гледаме ужасни слики, ние гледаме плачење на луѓе кои што се во поодмакли години од кои им е одземен имот, одземена земја, одземено злато, па вели тој ѓердан што го носеше мајка ми го гледам сега го носи жена му на фиљан човек, не го кажува кој е. Тоа значи имало доста работи за кои е веќе кажано и ние не треба да се срамиме, да се плашиме од тоа дека ќе створиме некоја, ние не сме небулозни и нема да створиме не знам што меѓу народот, да почне некоја национална или

верска омраза или не знам што. Ние и денеска имаме некаде, на повеќе места во општините одредени наружувања, за што покасно сигурно ќе пишуваат, или Ќе се бара одговорност. Ако не е партиска припадност ваква, тој не може да биде во општината и веднаш природно ќе оди во пензија. И тоа се случува. Ние сега велиме тоа е плурализам, ние сме на власт, па ќе дојдат тие на власт и нека изменат итн. Сега веќе имаме оправдување, таков ни е системот.

Ако се посматра периодот од ослободувањето па до 1990 година односно до 1948 година, па периодот од 1948 год. во ерата на револуцијата на Информбирото, колку луѓе исчезнаа и како отидоа и што направија, па понатаму период некаде 70-те години, 1970/72 година, писмото на претседателот Тито и седницата во Караѓорѓево, па анархолибералите и тн. и тн., сега е друго време, за друго нешто зборуваме, поинаку мислиме, па и некои други работи па дали стие тие луѓе биле политички деликвенти, демонцијанти и што знам се какви имиња им се ставале и индоктринацијата или доктринацијата спротивставени едни спрема други, една идеологија према друга можеме да заклучиме дека не треба да се плашиме од она што било во земјата. Ние пред некој ден ја гледавме емисијата, филмот "Смртта на Југославија". Тао се големи работи. Тоа предизвикува еден осет кај секој граѓанин, кај секој човек за што се работи и што било и за да не се повтори, да не се случи исто така. Или она што светот е свртен кон нас, односно во бившите простори на Југославија, во БиХ, па сега бараат масовни гробници, бараат ова бараат она, бараат одговорност на одредени фактори, односно одредени луѓе, кои што наредувале итн.

IV/6

Јас мислам дека вие знаете дека во Скопје постои ф-ка "Комуна" и таму има една работна единица, одделение, која што ја меле хартијата и ја прави како прашина. Ја прави сировина за добиваше на класична полна лепенка, така ја викаме. Тоа значи еден добар дел од таа документација може да биде во присуство на одредени лица така поништена да нема никаква трага од неа, за да некој се послужи со неа заради некакви си одмазди или не знам што, ако е таа целта, ако е тоа стравот кај луѓето. Значи има и тоа.

Понатаму, мислам дека има досиеја кои што ако се погледаат малку погрижливо не смеат ни да се уништат, мора да се тргнат на страна. Тие кои што имале огромно политичко идруго влијание и носат еден голем грев на своите плеќи. Да речеме некој функционер или некои луѓе и тн. Тоа според мене не би требало да се уништи. Нека стои како слика на едно одредено време во кое луѓето не смееле, немале поверење со својот комшија да разговараат за нешто, а камоли пошироко. Според тоа сум за тоа да се формира комисија, а не верувам во тоа само пратеници можат да ја чуваат тајната. Ни тројца браќа не можат да чуваат тајна, може само ако се двајца, едниот умре, другиот остане тој ќе ја чува тајната. Според тоа сите грешиме, ако е тоа грешка, ако некој се осмели да каже, односно ќе се осмели да каже и затоа што побрзо треба да се оформи комисијата, да си почне да работи и да ги гледа тие досиеја. Кој знае колку се таму, кој знае во кој визби се, кој знае што се е сторено со нив, што е направено. На крај краишта нека знае овој народ на РМ, граѓаните на РМ, тие знаат поединечно, меѓутоа пошироко не се знае. Не знае преку ноќ комшијата како исчезнал и зошто. Нека се знае, нека се обелодени. Ние не дека ќе градиме некоја историја, врз база на тие документи, туку научните пера ќе пишуваат. Колку да речеме ние дека нема да биде така, тоа ќе биде така. Науката ќе се послужи. Некој ќе магистрира, некој ќе докторира на тие теми.

Зошто се докторирало и магистрирало на слично нешто. И сега тоа сега ќе се случи. Мислам дека тоа не треба да не плаши.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседастеле, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, ваквата иницијатива, како што спомнаа и претходните дискутанти, беше дадена и 19 93 година, во составот на минатиот парламент. Очигледно дека предлагачот, во овој случај Министерството, веројатно во таа брзина не стигнало дури и во самиот наслов иницијативата да ја смени, да го смени името на Службата, односно и понатаму стои овде Служба за државна безбедност, а ние знаеме дека таква служба повеќе не постои според новиот закон, усвоен од овој Парламент за Министерството за внатрешни работи. Тоа е веќе дирекција за безбедност и контраразузнавање.

Второ, една ваква комплексна и суптилна материја, како што е кажан во текстот е дадена на еден лист хартија, на 2 страници за што сметам дека би требало поопширно да се објасни, суштината на таа иницијатива, целта, па дури ако сакате и да се дадат некои принципи на пристап на разгледување на една ваква навистина комплексна и суптилна материја.

Лично сум против ваква иницијатива за формирање на комисија Значи не против иницијативата, иницијативата треба да се поздрави, меѓутоа, против иницијатива за формирање на комисија од следните аспекти.

Прво, од научен, уставен, морален па и деловнички аспект.

Ова што беше спомнато во дискусијата на министерот дека ваквата материја содржи и научни аргументи, научни подлоги кои ќе користат за

некакви истражувања понатаму, сосема држи, меѓутоа јас прашувам кој се тие двајца научници кои треба да бидат во состав на таа комисија, кој ќе ја земат на себе таа одговорност, да во името на научниот свет направат селекција на материјалот што е тоа што треба да остане за научно истражување за понатаму, а што е тоа што треба да се уништи. Сметам дека таквата одговорност и покрај респектот на тие двајца научници во состав на таа комисија ми се чини дека е преамбициозна и е голема одговорност за научниот свет и за идните генерации да некој прави селекција за нешто што треба да се истражува во иднината.

Од аспект на уставноста, од аспект на влегување во приватноста на индивидуата на граѓанинот сметам дека не држи исто така една ваква комисија во состав од 7 членови да влезе во приватноста преку тие досиеја, во приватноста на граѓанинот. Тоа е уставно, јасно кажано и тоа треба посебно со закон да се уреди како, на кој начин тоа треба да се направи, а во сегашниот момент единствено судските органи имаат право да бараат одредени досиеја за одредени граѓани заради истражната постапка.

Третата работа што е битна тоа е моралот и етиката на тие луѓе што треба преку тие досиеја на некој начин да бидат третирани

Имено, сигурен сум дека и таа 7 члена комисија не ќе може да се воздржи од било какви коментари, па и да протурат некои информации што ќе бидат навистина можеби и трагични како последица за некои граѓани во ваа држава.

За деловничкиот аспект е говорено повеќе пати, како и од претходните дискутанти. Неодрживо е да е парламентарна комисија, како што спомна и министерот, бидејќи пракса била и во другите држави да

расправа има некаков научен пристап и селекција на одредена материја, а јасно знаеме дека парламентарната комисија или комисиите што постојат во составот на овој Парламент, имаат свој принцип на работа и тие расправаат за одредени предлози на закони и воопшто ја третираат проблематиката на законодавецот.

Затоа сметам дека предлогот на скоро сите комисии кои ја разгледуваа оваа материја е да со посебен закон да се третира еден ваков вид на материја, која е многу суптилна и би било добро на сегашнава седница, мојот предлог е да се расправа за подготвување на еден таков закон односно да се даде иницијатива Владата да подготви еден закон за обработка на една ваква суптилна материја.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, почитуван потпретседателе, јас накратко, ќе инсистирам и да ја скратам мојата дискусија бидејќи некои работи не сакам да повторувам и мислам дека е во интерес за оваа многу значајна тема.

Имајќи предивд дека оваа иницијатива е во духот на сегашните демократски процеси, политички процеси, сметајќи декас е крајно времето да се разјаснат некои работи што се поврзани со темното минато и на оваа Република, тргнувајќи од фактот дека со овој чекор ќе дојде до сознанија иднината на една категорија на луѓе, затоа што не размислувале исто, туку сакале во една поинаква форма да биде и поранешниот систем и сегашниот со овој акт мислам дека ќе се тргне кон тоа да се рехабилитираат тие и нивните семејства, кои нормално оваа иницијатива како таква ќе им подлегне и ќе гледаат дека на овие простори демократските патишта се отвораат како што треба.

V/1. -СП/МЛ

**ЗЕКИР КАДРИУ**: (ПРОДОЈТЖЕНИЕ)

Факт е дека постојат огромни факти и аргументи како што се кажува и во самата Информација во врска со оваа иницијатива кои датираат од 1940-1945 година, јас би рекол беа најинтересни годините 1950 до 1957 кога огромни богати досиеја постоеја и за албанците на Македонија кои живееле на овие простори, а посебно во Република Македонија на кои им се наметнати стотици и стотици досиеја кои во суштина го имаше тој систем заради заплашување на луѓето кои мислеле поинаку од властодршците.

Овој чекор би имал поголемо политичко значење особено имајќи предвид дека прв пат од отстапената документација би биле вклучени и досиејата на лицата. Големо значење ќе претставува овој чекор и од аспект на верификација на одредени настани и личности од поблиското минато од развојот на македонската држава.

Со посебен интерес тогаш беше и обидот што повеќе да се исполитизираат процесите и да се деградира личноста на човекот кој отворено барал свои човекови права и слобода. Зборот ми е конкретно за периодот од 1968-1970 година, па до 1989 година кога почнале демократските процеси во нашата држава.

Оценувајќи дека материјата и содржината на овој предмет во суптилна смисла и дека треба да се прифати како иницијатива, јас не би рекол дека треба да се формира една комисија која навистина не би рекол дека на некој начин кој би бил тој што би прифатил една таква задача, за мене би бил најхрабриот човек што би прифатил таква задача, а компетентните и другите надлежни што ја имаат во надлежност оваа работа ако би требало да произлезе од овој Парламент, тогаш јас мислам дека ние треба да преземеме чекор  да се формира една група

V/2.-

која ќе инсистира да предложи еден закон во кој ќе се дефинираат сите овие работи каде на дециден начин ќе се отвори ова прашање што по мое мислење е многу интересно.

На крај, јас се залагам пак ова Собрание да прифати една иницијатива за донесување на еден закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Процедурално бара господинот Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Уште во насловот на Иницијативата стои формирање на комисија како да претходно Иницијативата за преотстапување на оваа документација е завршена работа и ни претстои само да формираме или да не формирање комисија.

Сите дискусии што ги водевме одат на линија дека една таква иницијатива е прифатлива и во рамките на демократските процеси што се водат во посткомунистичките земји, па и кај нас дека неопходна една таква иницијатива и сите се согласивме со тоа и министерот предложи дека оваа материја за содржината како ќе се од- вива таа иницијатива и на кој начин, роковите, дека треба да биде предложен закон со тоа што во законот кога ќе се предложи од страна на Владата содржина како ќе се реализира оваа иницијатива, тогаш пошироко би дискутирале за тоа, што со тој закон фактички би било предложено. Затоа што мислам дека се повторуваме од дискусија во дискусија, го повторуваме истото.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, сепак тоа е право на секој пратеник дали ќе учествува или нема да учествува во расправата.

V/3.-

Има збор господинот Лазар Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Навистина по оваа иницијатива имавме долги дискусии по се изгледа ќе имаме уште многу, но јас пред се би сакал овде сам да си одговорам, меѓутоа, до колку е во можност министерот да ми одговори на следното прашање.

Ако оваа иницијатива е покрената од причини да се создаде една комисија која ќе биде во состојба постојните досиеја да ги сортира за да едните ги уништи а другите ги остави за научна употреба, мислам дека формирањето на комисијата од такви причини не е потребна. Зошто? Ниедна комисија, без разлика каков и е составот било од новинари, било од научници нема да биде мериторна да ги определи изворите на науката. Таква работа немало во практика и во науката. Науката сама ги бира своите извори и тука нема многу да и помогнеме на науката.

Овде се поставува едно клучно прашање по оваа проблематика. Клучното прашање е следното. Колку што слушнав од излагањето на министерот во неговото излагање беше спомнато дека оваа документација не може да се подведе под постојните закони за архива. Со оглед на специфичноста на темата и околностите под кои се настанувани овие документи. Сметам дека комисијата уште помалку ќе би- де во состојба да заврши таква работа. Наиме, овде се појавуваат многу побитни прашања. Дали оваа документација ваква каква што е ќе предизвика одредени последици. Дали таа документација со нејзиното обзнанување ќе предизвика последици како што се активности на соодветни судски органи и поединци исто така дали таа документација ќе предизвика некои последици по личности и луѓе.

Тука како да расправаме само за тоа дека таа граѓа постои, дека таа граѓа некаде пречи и дека е потребно некаде да се сортира она што треба да остане, да остане, а другото да се изгори. Сметам дека заради специфичноста на документацијата таа документација треба ние како Собрание да донесеме закон со кој таа документација ќе ја архивираме заради нејзината специфика и во тој закон исто така ќе се пропише времето на достапност до таа документација. Можеби ќе речеме таа документација ќе биде отворена или не, а за да се одлучи дали ќе биде вака или онака јас многу не разбрав што се тие досиеја, што содржат дали е тоа само евиденција на Службата за државна безбедност што ја водела за луѓето податоци врз база на доушници или не знам што или се тоа судски досиеја од судски распра- ви и процеси. Спрема тоа, сега не можеме да зборуваме што е тоа, но во едно сум сигурен заради специфичноста Собрание не треба да формира комисија, бидејќи комисијата најмалку ќе ја заврши задачата од образложението заради кое се формира. Да утврди дали таа документација е добра за науката. Мислам дека тоа е чиста небулоза, науката сама си ги определува своите извори а заради другата страна заради спецификите предлагам Собранието да донесе закон, односно да работи работи за кои е надлежно, закон со кој архивирањето на таа документација ќе го регулираме и архивирањето и начинот на користењето на документацијата и сл.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Добро е што пред Парламентот е изнесена оваа иницијатива

V/5.-

од Владата тоа што можело и порано да биде изнесено. Притоа би морале да размислиме за начинот како да се пријде кон решавање на ова прашање. Имено, во Иницијативата се сугерира на континуирано отстапување на архивска граѓа од МВР, но не е доволно јасно што со оваа граѓа, што со овој период, што со друг период и со која динамика ќе се постапува по оваа граѓа.

Оваа архивска граѓа инаку по својата суштина досиеја за одредени лица настанала во едно друго време со други правила на игра, други норми кои не можат да се подведат под демократски норми дадени во денешниот Устав на Република Македонија. Врз база на тогашните правила и норми е создадена оваа архивска граѓа. Врз база на нив, врз база на овие норми е создадена и врз база на нив ги поседувала досиејата МВР, односно тогашната полиција, односно и денеска ги поседува тие досиеја МВР. Во нормални демократски системи не би требало во иднина да настануваат вакви досиеја ниту да ги поседува МВР.

Во самата Иницијатива е предвидена собраниска комисија составена од тројца пратеници и други четири члена, тука не би се задржувал многу бидејќи претходните дискутанти доста кажаа, за да нема повторување, но сепак би сакал да нагласам дека ваквиот состав е можеби проблематичен од повеќе причини од кои најбитни се две.

Имено, првата е врзана, она што беше кажано, со квалификуваноста, односно со компетентноста на оваа комисија, а

втората, е врзана со самото време во кое живееме и историската дистанца на сегашното време виза ви период за кој се работи односно за кој се создавани овие досиеја.

За првата причина би сакал да кажам дека треба да се води сметка за неколку аспекти, односно дека било кој од тројцата пратеници да биде избран не би бил доволно стручен да одлучува за тоа и да врши некаква селекција.

V/6.-

Вториот аспект е врзан и со самата селекција на научна-та,историската, културната и друга вредност која не би била воочлива ниту за секој научник поодделно,.. бидејќи секој научник би имал одделен пристап при оваа евентуална селекција, а особено не за некој пратеник. Со тоа би се ускратило правото на идните генерации на наши научни работници да даваат историски културни и други научни оценки за оваа граѓа.

Овој предлог согласно ова би бил во судир со основните принципи на научната методологија во историската наука. Инниијативата секако претставува демократски елемент тоа што е предвидено од земање на досиејата од полицијата, односно од Службата за државна безбедност и предавање на архивите. Во самата иницијатива на Владата се споменува дека овие досиеја како граѓа имаат научно културно и политичко значење и сигурно дека е тоа точно. Бидејќи самото создавање на досиејата за овие лица и таа можност за создавање на овие досиеја сведочат за духот на тоа време, состојбите со правата и слободите на граѓаните односно на луѓето во еден период.

Но, заклучокот што би се извлекол, односно ми се чини што Владата го извлекува тој факт на важноста на досиејата е помалку проблематичен. Инаку, Владата очигледно оценила дека е сега време дека е сега вистинскиот момент да почнат да се отвораат овие досиеја и да се проценува кое од овие досиеја има некакви историска вредност, односно оние други вредности што ги има. Како што веќе реков многу е дискутабилно пред се во оној поглед кој би го вршел тоа, на кој начин, да не повторувам она што е кажано од повеќето дискутанти.

Мое мислење е дека Собранието како законодавен орган може да донесе закон односно закони како да се ракува со оваа архивска граѓа, како да се ракува со научна и друга граѓа и со други материјали. Но, со

тоа само се пропишуваат норми, а како надлежни стручни институции, односно други историски институции да ракуваат, да постапуваат со овие материјали, со ова^ граѓа. Во оној момент кога Собранието на Република Македонија, односно неговите тела би почнале да се занимаваат со активности кои единствено и припаѓаат на науката, Собранието би се претворило во арбитар на науката и како орган од еден политички карактер, бидејќи е тоа во својата суштина Собранието би пливало во водите на науката.

Затоа почитувани пратеници сметам дека ваква комисија на ваков начин како што е поставена со овој состав не би можела да ја изврши задачата која според Иницијативата и се доверува.

На крајот би кажал и тоа со оглед на тоа што многу од овие работи се кажани, а кои мислев да ги кажам не би ги повторувал, би кажал само уште неколку збора што се однесуваат на самата историска дистанца.

По мое мислење тие досиеја се многу блиску временски, односно тој период е многу близок до денешниот временски период и не би требало туку така без строго утврдени критериуми тие да се отвораат, односно да бидат достапни на секого без одредена процедура и строго одредена законска методологија. Во нашата политичка атмосфера лесно би се подгревале страстите и лесно би се дошло до губење на објективноста во расудување на тие прашања. Во досиејата се наведени имиња на многу жртви и страдалници на тоа време и поткажувачи и поткажувани, се разбира со еден број на исклучоци најголем дел од овие луѓе според мене претставуваат навистина жртви на едно време и на едните и на другите и тие се жртви на тој период и на правните норми во тој период.

Инаку, во овој период покрај големите слабости тоа е еден период во кој е настанато, зборувам сега за оној период кој е цитиран односно

сега во моментот за кој е дадена Иницијативата кој се спомнува во Иницијативата тој период и покрај големите слабости и црнила се постигнати успеси на Македонија, на македонскиот народ и сите граѓани и не би можело покрај оправдани забелешки во тој период да се фрлаат преголеми неоправдани црнила на тој период. Затоа сметам дека историската дистанца е премногу кратка и без не- кои оправдани причини не би требало да се користат овие досиеја пред истек на некој подолг рок кој би бил посебно наведен во овој закон за кој најголем дел од пратениците се залага. Се разбира, ова би бил исклучок доколку со судска одлука се изврши увид во овие досиеја и доколку се користат во судска постапка заради отстранување на неправди на некои лица која ќе биде иницирана од тие лица или од нивните потомци. Но, тоа значи отворање и увид на неколку десетици или стотици досиеја, но никако 14 илјади досиеја. Со ова, покрај сите граѓани секако дека овие досиеја според мене по мое мислење можеби тоа не е точно се опфатени голем број наши истакнати научни, културни и други работници кои инаку нивното творештво е позитивно во суштина, можеби и тие биле жртва на тоа време и можеби неоправдано се фрлени дамки врз целокупната нивна дејност. Затоа сметам дека оваа историска дистанца е премногу кратка и многу селективно треба да се пристапува, да се води сметка при донесувањето на овој закон на утврдување на норми, методи и постапка на кого и под кои услови би му биле достапни овие досиеја доколку се одлучи на ова Собрание да одиме на закон.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе, навистина како пратеник чувствувам потреба да излезам бидејќи сметам дека со секое уважување на претходните дискутанти ако овие дискусии би требале да бидат за некое друго време, бидејќи пред нас имаме еден предлог, една иницијатива од страна на Министерството, т.е. на МВР, а од друга страна добивме материјал и заклучоци на комисиите на Собранието, мислев дека денеска расправата ќе ја водиме точно во таа насока ние како пратеници да се одлучиме за која постапка и во која процедура ќе ја воведеме оваа Иницијатива, дали оној предлог ќе го поддржиме што го предлага МВР и Владата или ќе го поддржиме предлогот на комисиите.

Бидејќи мислам дека е толку сериозна темата и предлогот што заслужува материјална расправа после нашата одлука дали ќе одиме во закон што ќе го предложи Владата и по тој закон да отвориме материјална расправа. Затоа сметам дека навистина сега не доведувате со овие дискусии во ситуација да не можеме да го дадеме гласот за која постапка. Сметам дека овие расправи треба да ги конципираме точно за она време по нашата конечна одлука по овој предлог што го имаме пред нас.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, И јас се согласувам и ги поддржувам скоро сите дискусии на моите колеги дека добро е што имаме една иницијатива за отстапување на до надлежните

државни институции на архивската документација на Службата за државата безбедност при МВР, опфатена со досиејата за лица.

Меѓутоа, јас сум за тоа од една ваква иницијатива која можеби ќе биде и закон што ќе биде предложен пред нас, да го извлече- ме позитивниот контекст од тоа. Самиот факт дека ние расчистивме со еден комунистички општествен систем, значи сите сме сведоци тука што сме и што не се тука. Значи, дека сето тоа што се случи во тој систем и не се согласуваме односно треба да се расчисти и со тие досиеја што веќе ги има во архивите на Службата за државна безбедност.

Меѓутоа, исто така се прашуваме која е целта за оваква иницијатива, односно отворање на тие досиеја?

Првата цел веројатно е да потврдиме, односно да докажеме дека градиме парламентарна демократија, што е многу значајно.

Исто така, би требало да потврдиме дека правдата стигнува. Кога и да е стигнува, а и казната стигнува.

Воедно, да се извлече една поука од минатото, посебно за оние кои и денеска кога не им овозможува ни Законот ни Уставот, но како луѓе, како битие се склони да се занимаваат, да употребат репресија кон други. Меѓутоа, сега не треба да дозволиме, јас мислам дека тоа многу стручно ќе се спроведе и кога ќе се донесе тој закон не можеме ние да паднеме како општество во една генерална опсесија и перманентно општеството да се занимава со тоа што се случило во минатото, за тоа да ни биде пречка ние да можеме да градиме, тоа што реков пред малку, парламентарна демократија.

Затоа, иницијативата, односно законот што ќе биде пред- ложен од Владата мислам дека ќе биде таков каков што го правата и другите држави т.е. општества штоградата парламентарна демократија. Не можеме ние нешто да измислеме ново тука. Ако во тие комисии учествуваат стручни лица, т.е. научници или претставници од Службата за државна безбедност и парламентарци, зошто тогаш да не го направиме и ние. Јас мислам дека погрешно е сфаќањето дека тие парламентарци кои ќе бидат во таа комисија ќе имаат и задача до крај да ги проучат тие досиеја. Мислам дека нема да биде нивна задача затоа што тие ќе ја завршат само нивната работа за да можат да бидат отстапени тие досиеја и мислам дека ќе има други луѓе кои ќе ги проучат и врз научна основа ќе дадат нивни коментари.

Јас, не сум исто така, ако веќе го правиме тоа како иницијатива и како иницијатива односно отстапување на тие документи т.е. таа архивска документација се надевам дека не го правиме со цел утре секој ден читаме само новинарски сензации, туку за да ја задоволиме правдата т.е. нека биде една голема, голема сатисфакција за тие луѓе кои биле репресирани, а сите се сложуваме дека системот кој помина беше систем кој овозможуваше и како идеологија овозможуваше репресии, а тие кои биле склони на репресии па го користеле до максимум тоа за да можат што повеќе да репресираат до максимум, за жал, односно да употребуваат методи што не доликуваат ни на тоа што е најважното, тоа што е човечко.

Толку, благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, само неколку зборови сакав да кажам јас на оваа тема.

Прво, мислам дека сепак треба да се поздрави иницијативата на Владата по оваа проблематика и Собранието и други заинтересирани државни органи, а и науката, толку колку што ќе покаже сама интерес понатаму, со оваа проблематика да се заинтересира.

Второ, треба да се подвлече тоа дека оваа материја, однос- но оваа област има неколку значења и сега во моментот а и во иднина ќе остави свој одраз.

Прво, тоа е политичкото значење од неколку аспекти, потоа моралната страна на самите оштетени и нивните семејства и трето методолошко нормативната страна на оваа проблематика и денес и утре.

Што се однесува до првиот проблем, политичката димензија на оваа проблематика, таа има неколку димензии:

Првата димензија е да се оцени политички тие досиеја во која мерка биле на некој начин инсинуирани од страна на органите од идеолошки аспект или од други причини што има за цел во смисла на вештачка заштита на системот да се репресираат луѓе. Таа област на проблематиката е должност на ова Собрание да го расчисти до крај и оној дел на досиеја да го така диференцира, да го одвои тој дел и за тој дел да бара повторна судска расправа за оние предмети што биле пред суд и по пат на суд биле репресирани. Мислам дека тој дел на таа работа не може никој друг да ја направи освен една квалификувана комбинирана комисија формирана од страна на Собранието. Ние не можеме да влеземе во една материја и во таа да останеме недоречени.

Ако цениме дека најглавниот дел на овие досиеја чинат такви проблеми, тие проблеми мора да бидат диференцирани, кажани и тоа во две димензии: судски рехабилитирани и морално оправдани односно сатисфакцирани семејства и тн.

Друго, ова што кажав за моралната страна, треба на семејствата да им се даде за такви предмети, извинување и евентуално оштетување ако" настанала оштета.

Третата страна за која ние денеска изгледа воглавном спортиме, а тоа е најмалку важно по моја проблематика, е сигурно дека за оваа материја не може да се настапи сега на некој хаотичен начин. Мора да се регулира со закон. Според тоа, законот ќе ги одреди и овие димензии на работа на органот. Преку Комисијата на Собранието, преку судските органи до сите други што согласно на предметот ќе се занимаваат со оваа проблематика.

Најпосле да кажам и следното, мие мораме во оваа проблематика да имаме една специфика што ја имавме во развојот на бившиот систем во периодиката како што се одвиваше. Една беше состојбата во времето на формирањето на земјоделските задруги, друго беше времето на Информбирото, трето беше времето на иселување од Македонија, времето од 1951-1961 година, четврто беше 1968 и на крајот сосема петто, после 19 81 - 19 91 година. За целиот тој период мораме да имаме на еден начин периодичен пристап и методологија околу сета оваа проблематика.

Сега имам еден конкретен предлог околу сето ова. На пример за издиференцираните и исклучените од работа, без оправдание, само врз идеолошка основа, посебно на Албанците, између 1981/90 година, мислам дека Владата или Собранието или некој друг, со еден акт треба веднаш да интервенира и да каже дека за нив треба веднаш да им се

пружи и извинување и сатисфакција и предност во враќање на работата. Бидејќи, на сите ни е оценка дека тоа била една фрустрација во едно време во кое може да се оцени дека Албанците биле некој вид предмет на специјална војна што се водеше во Југославија, но со центри што не беа во Македонија, туку и тие центар беа насочени против Македонија, а тоа и ден денес се покажува.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Рами Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитува министри,

Мене, што ми се бендиса климата и ладнокрвноста, толеранцијата, интелектуалната толеранција, пратеничката толеранција за една тема која што не е суптилна, туку е многу трагична. И, кога веќе се согласивме со тоа дека оваа тема е трагична, тогаш не можеме ние да се однесуваме многу ладнокрвно и индиферентно кон една ваква тема.

Иницијативата за формирање Комисија за Собранието на РМ надлежна за водење на постапка за отстапување на надлежните државни институции на архивската документација на СДБ при Министерството на внатрешни работи опфатени во досиејата за лица, иако задоцнува, треба да се поздрави. Зошто задоцнува, тоа е друго прашање.

Ние, во самата иницијатива е нагласено дека ние сме една од последните земји во Европа кои во процесот на политичките и

демократските процеси не ја започнавме постаспката во проценката на научната употребливост на документацијата во досиејата за лица.

По мое мислење требаше да се подготви некој соодветен материјал поопширно за вака сериозна материја така што ќе имавме поточна претстава за минатото.

Од самата иницијатива дознаваме дека, согласно законските прописи, до сега до надлежните институции на трајно користен&е е отстапен значаен дел од фондот на архивската документација на СДБ од 1979 год. до денес на Архивот на РМ отстапени се, како што е нагласено 7 илјади документи со 55 илјади страници, книги, списанија и др. Меѓутоа, не е наведено какви се тие документи и кои ги селекционираше тие документи, кој е временскиот редослед и како се тие доставени? Која е содржината на тие документи?

Дека научниот, културниот, политичкиот, би рекол и историскиот карактер на оваа материја без сомнение е од важен карактер и за тоа нема дилема.

Богатиот фонд сместен во досиејата за лица би имал големо значење и за политичките науки, за верифицирање на одредени настани и личности на научна основа. Не се согласувам со тоа дел од таа документација да се уништи, затоа што без критична анализа на минатото не може да се изгради правата демократија.

Не само тоа. Во склоп на тие 14 илјади досиеја за лицата и ден дене имаме и фамилии и индивидуи кои ги сносаст последиците од минатото. Така што општеството, односно овој Парламент има должност да ги рехабилитира тие луѓе со цел да се интегрираат како индивидуи или нивните наследници во современите текови на демократијата.

Се поставува едно друго прашање, дали ќе сносат некоја одговорност тие луѓе кои ги отвориме и ги составувале тие досиеја. Мислам  дека ако не сносат друга одговорност тогаш морална

одговорност би требало да сносат. Во спротивно тие луѓе би ги нарекол "пехливани" на монизмот, тоа се добри акробати така што тие можат, тие што зборувале стално за царството на слободата тие можат да настојуваат и во иднина да се наметнат со своите погледи и да бидат челници и на денешната демократија.

VII/1.- ЈМ-ВБ

**РАМИ ТУДА:** (продолжение)

Да не испадне да ние да го чуваме дигнитетот на тие злочинци кои својата среќа ја изградиле на туѓата несреќа. Ние денес зборуваме за формирање на соодветна комисија која ќе учествува во процената на научната употребливост на документацијата во досиејата за лица. Јас не сум за тоа да се прави селекција на тие материјали бидејќи се плашам од негативната селекција која може да се случи. Не се сложувам со тие дискутанти кои мислат дека не треба да чепкаме на досиејата, ниту пак дека тие материјали немаат научна вредност. Можеби тие како материјали немаат научна вредност, меѓутоа ние можеме да извлечеме многу поуки и многу научни резултати од тие материјали. Не сум ни за тоа да ги уништиме. Тоа би значело, ако се уништат тоа значи да оставиш простор за злото, за репресијата и за драмата на минатото. Што ќе им речеме ние на фамилиите кои што уште не ги знаат гробовите на своите татковци. Да не се плашиме од реваншизмот. Меѓутоа, морална одговорност мора да бараме. Некои досиеја "обогатени" се и во овие четири,пет години на демократијата. За жал некои работи уште се повторуваат. Значи ние треба да стекнеме поука од минатото и не треба историјата да се повторува во негативен контекст. Се прашувам, тука се зборува и во самата иницијатива за дигнитетот на фамилиите и јас се прашувам дали се заштитува моралниот дигнитет на фамилиите и индивидуите оштетени? Дали вака ние ако ги уништиме тие материјали ние ќе го заштитиме дигнитетот на индивидуата и на тие фамилии. За жал пред неколку години и тоа, значи во овие години на демократијата значи еден научник станал доктор на наука со тоа што ги оправдува репресиите кои доаѓале од едноумието на социјализмот и комунизмот. За жал во таа дисертација на мета се Албанците, а темата се бранеше

пред научниците на Универзитетот во Скопје. Ако мене ми дозволи потпретседателот јас имам овде само од струшка општина почнувајќи од 1968 година кога започнале процесите на диференцијациите и имам исто така и список од 100 професори и други научници, книжевници , лекари и други, со еден збор хајката на интелигенцијата во струшко и во Македонија кои што се издиференцирани и тоа ако ги прочитам овде забелешките за кои работи се издиференцирани, сигурен сум дека сите вие ќе се смеете. Но, бидејќи не дозволува времето, јас сакам да нагласам дека со таканаречените фамозни мешани паралелки такви последици имаме во струшка општина, мислам образованието на албански јазик што еве 10 години немаат паралелки, односно матуранти во струшка гимназија. Така што како последица на тоа во текот на 1981 година само во текот на 1981 го- дина се издиференцирани десетици и десетици наставници и професори, а посебно професори од гимназијата.

Би сакал на крај да истакнам дека јас се сложувам со тоа да се донесе еден закон, меѓутоа ние кога зборуваме за демократските држави каде што се расправаше порано на оваа тема, знам дека некои држави носат дури и закон за геноцид . На крајот на краиштата не мора така да се формулира односно не мора да биде таков закон, меѓутоа јас мислам дека минатото бездруго тоа треба да се проучи и на крајот на краиштата и ние треба да донесеме некој сличен закон со кој не сакам ние да се реваншираме на тие луѓе кои што се виновни за сето тоа што се случуваше во нашето минато, туку да се знае на крајот на краиштата ако не друго да се бара една морална одговорност од тие луѓе.

**Т**

**ИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Здравко Стојковски.

VII/3.-

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, не сакам да давам заклучок бидејќи се јавив последен, меѓутоа нешто ми тежи и сакам да го кажам.

Прво, Иницијативата ја поддржувам заради тоа што и изборната единица од каде што сум и пратеник мисли дека овие работи треба на ваков рачун да се решаваат. Меѓутоа, лично мислам дека тоа што се бавиме со минатото не може да ни вроди плод и од тоа нема> корист. Ќе наведам еден пример во еден рудник во Австрија сум бил пред 15 години каде што во холот стоеше: "Секој работник кој ќе спомне како работеле претходните, што било сторено се казнува мандатно". Заради тоа што со тоа се оптоварува човекот и не може да мисли за утре. Лично мислам дека доколку како луѓе ставиме една бариера и не мислиме за вчера, односно за минатото многу полесно ќе мислиме за утре, односно за иднината. Тогаш ќе може и да креираме нешто, а ние еве гледате само со оваа тема колку време изгубивме и веројатно уште толку многу ќе се изгуби, меѓутоа користа на крајот сигурно нема да биде голема. Дали тој што погрешил ќе го одликуваме, ќе му дадеме признание, сигурно од тоа иднината односно државата нема корист. Сведоци сме што се случуваше и во Бугарија па и во Србија со промената. Мислам дека се занесуваме дека ова ќе ни помогне во иднина.. Само толку сакав да кажам заради тоа што тоа е мое лично размислување, а инаку реков јас ќе ја поддржам Иницијативата и ќе гласам.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Со денеска се сеќавам пред едно 20 и повеќе години бев некаде во Сараево или Љубљана, играше еден филм можеби и во Скопје "Абдула велики" алудирање на крал Фарук . Беше објавено во некој каирски весник на прва страница фотографија негова,на кралот, на една и

морална сцена, на една корупција на некоја женска од самиот двор и кралот рече:"дај да го поништиме весникот". Курирот рече: "не е единствен примерок, овој весник е растурен по целиот свет". Предлагам тие досиеја да не се уништат, туку да се чуваат и те како и тоа ќе биде подобро точно за авторите на овие досиеја. Тука е во прашање дел од историјата на оваа држава и на овие простори. И кога зборуваат аргументите, затоа се јавив како последен можеби, не треба многу зборови. Инаку би можел да одржам предавање толку долго, толку големо колку што е и најголемото досие и тоа од досието на потпретседателот на Президиумот на АСНОМ дефакто народниот херој Неџат Аголи па до денешното најголемо, најдебело досие, сметам дека сепак е досие на Албанец од оние 14.000, односно од 50.000 страници познат човек кој има досие најмалку од 2.500 страници, а можеби и 3.00 0. Еден од нив не се знае , а 2.500 ги имам јас во неколку примероци и тоа растурени во неколку држави. Не може никој да ги уништи. Прво една историска граѓа и тоа многу важна. Меѓутоа, денешните ваши дискусии мои драги колеги и рековте и ништо не рековте. Вистината не е речена уште. Зошто? Оваа иницијатива ја прочитав многу внимателно и симпатична беше и симпатична е, меѓутоа таа кога би била навистина составена од човек кој е достоен на тоа, или од Влада, или министер, или Министерство би било се во ред. Кратка е, концизна, не е извештај, не е закон, иницијатива е, едно писмо обично. Меѓутоа кога се знаат корените, а треба да ги простудираме затоа што ние има ме една важна улога како Парламент. И зад таа иницијатива којзнае што се крие, дали е автор Владата, министерот, јас не знам. Тоа е негова работа. И вие не знаете и тоа е ваша работа. Меѓутоа, некој сака на тој начин да се рехабилитира. По мое мислење ни се натура една иницијатива, едно писмо, се знае дека ќе биде расправа, ќе бараме закон да се подготви и да се донесе и после еве ти, трагите твои да ги покриеш. Затоа што дел од такви автори на тие досиеја се на власт, се и во самата Влада и нивни

наследници, можеби и во овој Парламент. Смешно и траги-комично кога човек колега за жал во овој Парламент ги брани тие луѓе, тие досиеја и сака да се чува да се расветлат тие проблеми. А пред повеќе од 20 и нешто години тој е како автор на тие досиеја со часови во една општина, разговори, критики, диференцирање и на крајот и судски процеси. Затоа не би сакал многу да зборувам затоа што зборува самата вистина, самите аргументи што сум денеска тука со вас и јас, добро, или лошо тоа е друга работа, меѓутоа сепак сум жив, подобро да бев меѓу оние покојните, подобро ќе ми беше отколку да живеам во ова време на овие релации и во овие лоши времиња. Затоа не сакам многу да должам, туку да видиме ние како пратеници на ова Собрание да не сносиме некоја одговорност случајно, па да гласаме некој закон да си ги прикријат своите гревови и другите, или пак да преземаме одговорност и морална и материјална и научна и политичка и после на крајот што сме направиле? Ништо. И ден денеска тука е , беше реков и министерот , па тој е автор на некое од тие досиеја. Па Албанците и ден денеска се во КП Дом "Идризово"? Зошто? За вербален деликт, за непостоечки законски деликт во оваа држава кој е веќе од законот исфрлен .И вашиот соговорник за време на овие последни избори има едно мало досие исто, значи веќе нема уште правосилно решение, прекршочно нема Затоа ви препорачувам да се размисли дали ќе се донесе закон, или не било на кој начин нека биде за почеток ако треба и комисија, само ве молам ќе сносиме сите морална одговорност досиејата да не се уништат, туку да се чуваат. Случајно ако некој се обидува да ги уништи, немојте, има примероци и тој сам ќе ги чува некој дома, или било каде, не можат да се уништат, туку нека се средат убаво, па нека биде работа на научни работници, па и од ништо ќе направат нешто ќе биде наука, ќе биде

коментирање, ќе биде дел од нашата помалку, или повеќе славна историја.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитува] колеги, сигурно дека се работи за една иако некои рекоа не е така, јас би рекол многу суптилна и одговорна материја. Повеќето дискусии сметам дека практично укажуваат на тоа со сета сериозност дека денеска ние ниту можеме, ниту имаме, ниту смееме да донесеме конечна одлука. Обидите тука да се пласираат некои инсинуации, некои манипулации, некои нешта што ниту ги имаме добиено ние како некој материјал, ниту пак има потреба ние денеска да разговараме конкретно за случаи, па било тие да се однесуваат и лично, или од потесниот круг на семејство, или поширок круг на луѓе кои што ги познаваме. Евидентно е дека ние имаме три можности. Не би се сложил со некои дискусии дека не треба воопшто тој процес да се отвора, дека е подобро да остане таков. Исто така сметам дека Иницијативата можеме да ја прифатиме само како иницијатива, значи иницира нешто. И евидентно е дека тој материјал е и некомплетен и суров и што можеби е во ред затоа што тоа е ние да дадеме виза дали ќе бираме комисија со некој таму шаблон да речам за составот или најоптималното решение дека иницијативата треба да ја поздравиме без оглед на се што стои зад неа. Веројатно притоа мораме да поведеме сметка жешкиот костен да не го земеме ние тука во Парламентот во свои раце и да се испечеме, и мислам дека реалноста е закон, законска одредба сигурно многу покомплетен од оваа иницијатива со целите, намерите и она што би значело за идниот развој и на демократијата и на односите во оваа држава донесувањето на тој и таков еден закон. Во спротивно веќе некои дискусии тука наведуваат кон тоа да ние бидеме тука суд, судница што воопшто не ни треба. Практично познато е дека во секоја правна држава и рехабилитација и укинување на

казна вклучувајќи и морална и хумана па дури и материјална компензација може да донесе само судска институција, судски орган.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:(**продолжение)

Ние донесуваме господо закони, друг тие закони ги користи тие му служат на целиот народ, но се знае од тие закони кој има право и кој има компетенција да пресудува.

Да не должам многу, предлагам, иницијативата како иницијатива што не е никаква новина, ниту новост, затоа што ваквиот процес е присутен и за врши веќе или е во тек во повеќето земји од посткомунистичкиот период, така да ние не можеме да останеме надвор од тие движења и не смееме да отидеме во една друга крајност веднаш да оптужуваме се и сешто. Зошто го велам ова? Нема сериозна држава која води сметка за својата безбедност, за својата државност за своите перспективи, ако нема и досиеја. Нема таква држава, немој да се лажеме дека има таква држава без тоа, нема држава без поткажувачи, како што вие овде ги рековте, кодоши, шпиони и слично. Секоја вечер гледаме филмови , не може без поткажувачи ниедна безбедност да функционира, што да се лажеме. Ние ли сега ќе измислуваме нешто, но во сето тоа еволуираме сите ние, времето носи свое, ефикасноста не признава ништо, камо ние да го знаеме атентаторот на нашиот претседател, па нека бидат употребени сите можни и неможни методи. Сигурно тоа ќе го прифатевме со аплауз и ќе бидевме најсреќни, а не да се сомневаме на секого и сешто.

Според тоа, мојот предлог, резиме и заклучок , се разбира мој предлог, би бил, иницијативата е добредојдена, во прав момент, мора изготвувачот, а тоа е Владата, да предложи закон за целата оваа материја, затоа што во основа ние практично не знаеме материјата до кој период е евидентирана, систематизирана и селектирана.

VIII/2.-

Дали е тоа 31 јануари 1996 година или некој друг период? Мислам само една моја забелешка, затоа што во информацијата тоа не стои.

Предлагам, законот да се изработи, тука ќе ни биде даден на расправа, ќе го доградуваме, ќе дискутираме, ќе изнесуваме примери, амандмани, комисиите ќе се состануваат и мислам дека тогаш ќе можеме ние улогата и функцијата која што се бара од нас како демократски парламент да ја извршиме. Се друго ќе биде или недореченост или импровизација, или пак како што некои нагласија проблемот можеби во нечија функција, улога ќе ја префрли на некое друго место. Од се сигурно има по нешто, но времето мора да носи свое и мислам дека еден добар дел од тој закон многу добро ќе ни послужи да одгонетнеме многу енигми и многу проблеми, кои конкретно ќе ни се јават со законот за денационализација, затоа што во првата верзија на тој закон беа спомнати многу тешки квалификативи, ги чув и денес овде, дали беше некоја инверзност или измена на тези, за закон за геноцид и слично, може да има закон за противгеноцид, но за геноцид мислам дека е во колизија, во спротивност. Сето ова убаво да се обработи, да се обмислат сите овие денешни дискусии, тие нека бидат земени во предвид, сето ова беше и прва фаза на тој иден закон врз база на оваа информација, не сакајќи ние влеговме во таа замка, дали е тоа замка или не е замка, влеговме во тоа, сакајќи или не сакајќи, ние почнавме да дискутираме дури и со конкретни насочувашњ и со региони , што нема потреба.

Благодарам.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Дами и господа ќе бидам краток, мислам дека иницијативата за формирање на оваа комисија да се отворат досиејата е еден позитивен чекор кон демократизацијата на оваа држава. Го поддржувам и извештајот на Комисијата потпишан од г-дин Поповски, а и доста од дискусиите на претходните мои колеги. Јас го сфаќам ова како чекор на едно нешто што не би требало , да се извлече поука, научна поука како нешто не треба да се повтори, дел, значи темен дел од нашето минато да не се повтори и овој чекор да не биде со никаква реваншистичка цел, но повторувам да се извлече поука, научна како не треба да се работи.

На крај го поддржувам предлогот на г-дин Мурати овде да не биде лимитирано до педесет и некоја година, туку нека биде токму до деведесеттата година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?(Не).

Пред се сакам да ги замолам сите пратеници да влезат во салата за да можеме да одлучиме, да донесеме заклучок и едновремено да се известат министрите да дојдат во салата, затоа што следи поставување на пратенички прашања.

Ако нема никој што бара збор, го заклучувам претресот.

Молам, да видиме колку има пратеници во салата,за да можеме да одлучуваме.

Да се повикаат сите пратеници.

Има доволен број пратеници.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

VIII/4.-

1. Собранието на Република Македонија ја поддржува иницијативата од Владата на Република Македонија за отстапуваше до надлежните државни институции на архивската документација на поранешната Служба за државна безбедност при Министерството за внатрешни работи опфатена во досиејата на лицата.

Собранието констатира дека иницијативата е во согласност со демократските процеси што се одвиваат во РМ како суверена, самостојна и правна држава.

Собранието оценува дека со постепеното отстапување на оваа документација на надлежните институции на трајно користење ќе се заштити моралниот дигнитет на лицата и членовите на нивните семејства опфатени во досиејата.

2. Собранието оценува дека е потребно целокупната постапка околу оваа материја да се уреди со посебен закон заради тоа што оваа материја непосредно задира во слободите и правата на човекот

и граѓанинот, приватноста на неговиот личен и семеен живот, како и на неговото достоинство, достоинство и углед. Во таа смисла е потребно Владата на Република Македонија да подготви закон, се разбира, ова не ја елиминира и можноста и пратеник, поединец или група да предложат закон, при што треба да ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија и предлозите и мислењата од расправата на седницата на Собранието на РМ како и решенијата на Законот за архивската граѓа и искуствата во однос на уредувањето на оваа материја во земјите со развиена парламентарна демократија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за внатрешна политика и одбрана, Комисијата за контрола над работата на Службата за државната безбедност, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието да се доставaт до Владата на РМ и Министерството за внатрешни работи.

Дали има некој предлог сугестија за дополнување на заклучоци?

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Една сугестија и еден предлог. Мене не ми е потполно јасно како е формулирано во овие заклучоци, дали значи дека Парламентот ја прифаќа иницијативата со овој наслов како што е ставен тука или ја прифаќа само како иницијатива со која треба да се отвори ова прашање за да се предадат досиејата таму каде што треба. За мене, е неприфатливо да се прифати иницијативата со овој наслов каков што е, затоа што не само јас туку повеќе дискутанти во своите излагања од скоро сите пратенички групи се спротивставија на потребата тоа да се реши преку формирање на парламентарна комисија. Тоа е една работа, сакам експлицитно да се каже дали подразбира прифаќање на иницијативата како иницијатива, со што јас се согласувам, а не прифаќање под ваква формулација како што е во оригиналниот наслов во иницијативата.

Второ, сметам дека во текстот на заклучоците, во првиот заклучок последната реченица каде што се вели дека"се цени дека со постепеното отстапување на оваа документација на надлежните институции на трајно користење...", однапред се прејудицира некое можно решение и затоа предлагам Парламентот да прифати една измена со која би се

избришале овие два збора "со постепеното" и текстот би бил "се цени дека отстапувањето....", значи на зборот "отстапување" би се додал член "то" и текстот би бил "се цени дека отстапувањето на оваа документација....".

Тие се двете сугестии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мислам дека бев јасен, предлагаме Собранието да ја поддржи иницијативата од Владата, се разбира во тој контекст донесувањето, подготвувањето на закон, а не иницијатива за формирање на оваа комисија, како што беше во иницијативата од Владата.

А по однос на второто, тоа е јазична формулација, дали постепено или од еднаш, тоа мислам дека може да се прифати.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Мислам дека овде правиме процедурална грешка. Колку може да се прочита овде имаме иницијатива за формирање на Комисија. Немаме иницијатива што ќе правиме со таа граѓа, туку имаме иницијатива за формирање на комисија. Според тоа ние треба прво да се изјасниме дали ќе формираме комисија, а ако формираме значи овие заклучоци што потоа следат не би требало да стојат.

Ако не формираме комисија тогаш врз база на расправите денес, ако заклучиме така би следел предлог, иницијатива за донесување на закон кој ќе ја регулира оваа материја, ниту постепено, ниту непостепено, туку законот тоа ќе го каже, а не ние сега во заклучоци. Мислам дека работата е многу проста, ние да гласаме, дали ја прифаќаме иницијативата за формирање на комисија или не ја прифаќаме. Ако не ја прифаќаме, тогаш веројатно ќе следи некој предлог за донесување на некој закон без разлика дали ќе биде предлагач Владата или некој друг.

**РАМИ ТУДА:**

Јас имам една ваква сугестија, јас не знам, за мене не е јасно кој ќе посредува сега, по овие заклучоци кога таа материја ќе се даде на друг орган. Кој ќе посредува?

Еден термин што се употребува повремено, јас не знам тоа повремено, тоа може да трае 10 години, мислам дека тоа треба да се одреди, мислам времето, па дури и законот односно дури и за законот треба да се одреди за колку време треба да се донесе тој закон. Може за една година, може по две години, значи временски да се ограничи, кога тие материјали треба да се доставaт и законот во кој рок треба да се донесе.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Јас од сето она што денеска слушнав мислам дека првиот дел на заклучокот отстапува од суштината што денеска се договаравме и што се дискутираше. Мислам дека со првиот дел формулацијата во смисла да се отстапи или постепено да се отстапи на надлежните органи се прејудицираат решенијата што очекуваме да ги утврдиме во законот за кој што се договоривме дека треба да го усвоиме за оваа намена. Бидејќи, доколку се повикаме на денешната дискусија, а се повикуваме во заклучокот на денешните дискусии, во многу голем дел од дискусиите имаше дека треба и се бара уништување на тој материјал. Според тоа, решенијата што со тој материјал, судбината постапката со тој материјал очекувам да се реши во законот и денеска да ја прифатиме како иницијатива со задолжување за поднесување на Предлог-закон, решенијата што понатаму и како тоа, преку комисија, со каков состав на комисија и слично, да ги утврдиме во самиот закон.

VIII/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ :**

Ве молам, овие заклучоци што ги прочитав веројатно го имате, умножени се, се резултат на ставовите на двете комисии. Не се? Тогаш во извештаите на двете комисии за контрола над Службата за државна безбедност и на Анкетната комисија и на Комисијата за одбрана, се поместени овие заклучоци. Јас се обидов заедно со Службава да направиме еден текст кој ќе ги содржи ставовите на трите комисии. Ако има, а веројатно има дилеми околу тоа, јас ви предлагам тогаш ставот 2 од точката 1 да го изоставиме, а другите сите точки и ставови да останат.

1. Собранието на РМ ја поддржува иницијативата Владата на РМ за отстапуваше до надлежните државни институции на архивската документација на поранешната Служба за државна безбедност при Министерството за внатрешни работи, опфатени во досиејата.

Ве молам, ова, затоа викаме, токму тоа е предмет на дискусијата, а начинот на отстапувањето со точката 2 велиме дека ќе се утврди со закон.

Тоа е логичен ред.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

(некој од пратениците бара процедурална забелешка).

Ќе кажете после процедурална забелешка.

За предложениот заклучок гласаа 50 пратеници.

Кој е против молам. (1 пратеник)

Кој се воздржува од гласање?(б пратеници).

VIII/9.-

Ве молам, информација колку се присутни во салата.

Седумдесет (70) пратеници се присутни, што значи некои не гласале.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Господине Димов, процедурално.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

И покрај тоа што потпретседателот ја сврши работата на брзина, ова беше процедурално пред тоа, и го кажав, а по процедурата не се изјаснивме наиме овде имаме предлог , Владата на РМ со писмо и датум ни доставува иницијатива за формирање на комисија на Собранието на Републиката. Што правиме со таа иницијатива? Што правиме? Јас колку што знам по Деловникот овде првин се гласа предлогот што доаѓа од Владата, а потоа другите предлози.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам г-дине Димов јас бев прецизен, ние иницијативата за формирање на комисија не ја усвоивме. Иницијативата, кажавме и за тоа гласавме. Па затоа е овде плуралистичко Собрание, нели.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен , ја заклучувам Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 14,05 часот.)